# ОПШТИНА НОВАЦИ

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2024

Декември 2023

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 20.12.2023 г. донесе:

**Вовед**

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Новаци за 2024 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите ( “Службен весник на РМ” бр.201/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот односно во сите сфери на човековото живеење.

Годишната програма за еднакви можности на Општина Новаци опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација ,иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.

Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество,услови,статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење.

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените,претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е уставна категорија.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните залагања за надминување на нееднаквостите меѓу жените и мажите , во пракса сеуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости меѓу нив. Ваквите нееднаквоси се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованиеток културата, работната средина, медиумите итн. Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власт целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење.

Општина Новаци Програмата ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2024 година, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата ќе се спроведува во текот на 2024 година и активностите за унапредување на состојбата со родовата рамноправност ќе се насочат во следните области:

**Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Новаци**

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките
- Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност

**Родова еднаквост преку образование**

- Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) – ангажирање на образовни асистенти
- Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили (поради недоволен интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили)

**Родова еднаквост преку култура**

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март

**Родова еднаквост преку медиуми**

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство
- Едукација за облиците на дискриминација ,родовата еднаквост

**Родова еднаквост преку здравство**

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Спроведување на едукација за рано откривање на малигни заболувања,дијабетис,срцеви болести

**Родова еднаквост преку социјална заштита**

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината,олеснет пристап за остварување на еднократна помош
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени преку ангажирање на лица кои ќе им помагаат (преку проектот “Воспоставување на лиценциран социјален сервис”)
- Организирање посети на стари лица ,самци,самохрани родители,лица со попречености

**Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе**

- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација

**Родова еднаквост и економското јакнење на жената**

- Подигнување на свеста на руралaната жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис )

**Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот**

- Подигање и јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот,преку организирање на трибини и средби

| **Конкретни цели** | **Предвидени мерки и активности** | **Одговорни институции** | Показатели на успех | Извори на финансирање | Потребни финансиски средства /Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Економско јакнење на жените**<br>Зголемување на вработеноста на жените | 1.1.Промоција на можностите за олеснет пристап до пазарот на трудот<br>1.2.Кампања за подобрување на транспарентноста на постапките за вработување<br>1.3.Промовирање на мерки за вработување и сопствен бизнис | КЕМ<br>Граѓански организации<br>АВРМ | Бр.на одржани трибини, обуки<br>-број на посетители<br>-зголемен број на нововработени жени<br>-изработка на брошура<br>-зголемен интерес на невработени жени за самовработување | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |
| 2. Подобрување на квалитетот на животот и **социјална заштита** | 2.1.Организирање трибини<br>2.2. Организирање посети на стари лица, самци, самохрани родители, лица со попречености<br>2.3.Олеснет пристап за остварување на еднократна помош<br>2.4Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени<br>2.5Организирање на обуки за ослободување од стресот предизвикан од појавата на Корона вирусот ,посебно кај самохраните | КЕМ<br>Граѓански организации<br>Црвен крст<br>ЦСР<br>Координатор за еднакви можности<br>Меѓуопштински центар за социјална работа<br>Испорачувачи на ИТ обуки | Број на корисници<br>Број на одржани редби, посети,<br>Број на корисници на помош | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | родители<br>2.6Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца | | | | |
| **3. Унапредување на здравјето** на мажите и жените во однос на малигните заболувања, дијабетис, срцеви болести Подигање на свеста за репродуктивното здравје | 3.1. Спроведување здравствена едукација за рано откривање на малигни заболувања<br>3.2. Бесплатни прегледи, мерења | КЕМ<br>Граѓански организации<br>Црвен крст<br>ЈЗУ<br>Координатор за еднакви можности | Бр.на посетители<br>Бр.на извршени прегледи | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 10.000,00 ден. |
| 4. Ефективно остварување на **човековите права** | 4.1.Едукација за облиците на дискриминација, родовата еднаквост<br>4.2.Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност | КЕМ<br>Граѓански организации<br>координатор за еднакви можности<br>Советници | Бр.на обуки<br>-бр.на посетители<br>-печатени флаери | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |
| 5. Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество **во политичкиот живот** | 5.1.Трибини<br>5.2.Средби | КЕМ<br>Граѓански организации<br>Координатор за еднакви можности | -бр.на посетители<br>-бр.на жени кандидати | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |
| 6. Борба против **родово базирано насилство,** | 6.1.Едукација за облици на родово базирано насилство преку | КЕМ<br>Координатор за еднакви можности | Бр. На одржани работилници<br>Посетеност | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 10.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| заштита и поддршка на жртвите | работилници за подигање на свеста за превенција и заштита од родово насилство во училиштата | ОУ Граѓански организации | | | |

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска